Влада на Република Северна Македонија

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-034/2019

- ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - КУМАНОВО -


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Јавна установа меѓуопштински
центар за социјална работа - Куманово
Enti publik qendrandërkomunale
për punë sociale e qytetit - Kumanovë
Примено: / Pranuar: 16.08.2021

| Орг. единица / Nj. Organizative | Број / Numri | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlera |
| --- | --- | --- | --- |
| 0302 | 3050 | | |


# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА ЗА 2021 ГОДИНА

Август 2021 година


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово
Ул. „Тодор Велков" бр. 4 - Куманово
Република Северна Македонија
+389 31 438 160
+389 31 438 170
e-mail: jumcsrkumanovo@mtsp.gov.mk

ВОВЕД

Годишниот план за спечување на корупцијата за 2021 година на Јавната установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово еден од клучните документи кој придонесува за спроведување на генералната политика за борба против корупијата. Со Законот за социјална заштита се утврдени и надлежностите на ЈУМЦСР кој решава за права од социјална заштита утврдени со овој закон, решава за правата утврдени со Законот за заштита на децата, решава за парична помош на лица со признаен статус на бегалец под супсидијарна заштита, утврдени со Законот за меѓународна и привремена заштита, решава за работите утврдени со прописите за семејно-правните односи, рещава за правото утврдено со Законот за социјална сигурност на старите лица,постапува по работите од својата дејност утрдени со прописите од кривичното прво и врши и други работи утврдени со закон.Исто така ЈУМЦСР работи и на социјалната превенција а мерките на социјална превенција се реализираат за заштита од социјални ризици, спречување на појавата на социјални проблеми и ублажување на последиците од настанатите социјални проблеми на граѓаните.Во делот на социјални услуги во ЈУМЦСР граѓаните се информираат за правата од социјална заштита и расположливите социјални услуги, се прави првична проценка и упатување до други институции, со цел остварување непречен пристап до правата и услугите.ЈУМЦСР ја обезбедува и услугата на стручна помош и поддршка на поединец и семејство за надминување на индивидуални и семејни проблеми, додека услугите на советување опфаќаат советодавна работа, односно советовалишна работа со цел превенирање, ублажување и надминување на последиците од настанатите социјални проблеми на поединец и семејство.Во ЈУМЦСР се обезбедуваат и услуги во домот, услуги во заедницата и услуги на вон-семејна заштита.

Имајќи го во предвид јавниот интерес и примената на јавните средства поврзани со надлежностите на Центарот, се наметнува потребата за анализа на потенцијалните области на појава на случаи на корупција и судир на интереси, и во таа насока превземање мрки и активности за спречување, идентификување и пријавување согласно релевантната законска рамка.

Поимот **Интегритет** означува законито, професионално, непристрасно, етичко, одговорно, транспарентно и отчетно вршење на работи со кои


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово
Ул. „Тодор Велков" бр. 4 - Куманово Република Северна Македонија
+389 31 438 160
+389 31 438 170
e-mail: jumcsrkumanovo@mtsp.gov.mk

службените и избраните лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавните работи.

**Јавен интерес** е заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Северна Македонија.

**Корупција** е злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должнот или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.

Под поимот корупција се опфаќаат и поимите на

- *пасивна корупција* - намерно делување на службено лице кое директно или преку посредник бара или прима корист од било каков вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски
- *активна корупција* - намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од било каков вид на службено лице, за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

**Корист** е остварување на секој вид материјална или нематеријална придобивка, погодност или предност за себе или за друг.

**Ризик од корупција** е кој било вид на внатрешна или надворешна слабост или постапка која преставува можност за појава на корупција во рамките на институцијата и кој ги вклучува прашањата за судир на интереси, неспоивост на фунции, примање подароци и други нелегални плаќања, лобирање, недостаок од систем на заштита на укажувачи, измами, несоодветно користење на овластувањата, дискрециони овластувања, транспарентност на постапки и документи и други прашања од значење за интегритетот.

**Судир на интереси** е состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово
Ул. „Тодор Велков" бр. 4 - Куманово Република Северна Македонија
+389 31 438 160
+389 31 438 170
e-mail: jumcsrkumanovo@mtsp.gov.mk

Годишниот план е креиран низ партиципативен процес заснован на следните начела што се очекува задолжително да бидат почитувани од страна на секое вработено лице, секое избрано или именувано лице на функција, со јавно овластување и службена должност во ЈУМЦСР

- **начело на законитост** подразбира постапување во согласност со Уставот и законите, што вклучува извршување или пропуштање на дејствие што според закон не смее, односно мора да се изврши, ниту да се подреди извршувањето на законито дејствие на личен интерес на друго лице
- **начело на интегритет** подразбира совсно, стручно, одговоно, чесно, ефикасно и непристрасно постапување, како и избегнување на евентуален судир на интереси при извршувањето на јавните овластувања и должности секое лице да не се раководи од лични, семејни,верски, партиски и етнички интереси,ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице
- **начело на супсидијарност** лице кое не може да обезбеди издржување преку соптвена работа или осигурување, од имот, од други извори, од лица кои се должни според закон да го издржуваат или на друг начин, има право на социјална заштита поред закон
- **нечело на еднаков третман и недискриминација** корисникот има право на социјална заштит, која се заснова на еднаков и рамноправен третман.Се забранува секков облик на дискриминација врз основа на раса, воја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, вораст, семејна или брачна состојба, имотен статус, задравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа за остварување на парична помош од социјална заштита и социјални услуги.
- **начело на партиципативност** корисникот на социјална заштита има право да учествува во проценката на неговата состојба и потреби, да биде информиран за расположливите социјални услуги, да учествува во подготовката на индивидуалниот план, во донесувањето одлуки за користење на потребните социјални услуги, како и во изборот на давателот на услугата
- **начело на индивидуализација** социјалните услуги се обезбедуваат преку користење на индивидуализиран пристап, прилагоден на карактеристиките и потребите на корисникот
- **начело на зајакнување на корисникот** правата и услугите од социјална заштита му се обезбедуваат на корисникот на начин кој овозможува максимално користење на неговите потенцијали и зајакнување на неговите капацитети за независно организирање на животот и само-помош во иднина.
- **начело на приватност** корисникот има право на почитување на приватноста при остварување на права и услуги од социјална заштита.


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово
Ул. „Тодор Велков" бр. 4 - Куманово Република Северна Македонија
+389 31 438 160
+389 31 438 170
e-mail: jumcsrkumanovo@mtsp.gov.mk

- начело на почитување на интегритетот и правата на корисникот физичкиот и психичкиот интегритет, достоинството и сигурноста на корисникот се почитуваат при остварување на социјалната заштита, во согласност со гарантираните човекови
- начело на најдобар интерес –правата и услугите од социјална заштита се обезбедуваат во согласност со најдобриот интерес на корисникот, со почитување на неговиот интегритет, возраста во која тој се наоѓа, животните навики, развојните потреби и потребите за поддршка во секојдневното функционирање
- начело на најмалку рестриктивно опкружување

Социјалните услуги се обезбедуваат во непосредното и најмалку рестриктивно опкружување за корисникот, првенствено преку услуги во домот и локалната заедница кои му овозможуваат да се му се поодбри квалитетот на живот и да продолжи да живее во сопствениот дом и заедницата

- начело на доверливост на корисникот на права и услуги од социјална заштита да му се обезбеди тајност и заштита на личните податоци.На корисникот му се обезбедува доверливост на сите приватни податоци од документацијата која се обработува за потребите на известување, односно евиденција, вклучително и оние кои се однесуваат на неговата личност, однесување, семејна животна ситуација и начин на користење на правата и услугите на социјална заштита освен во случаи утврдени со закон
- начело на јавност во работењето Установата за социјална заштита обезбедува слободен пристап до информации за својата работа, согласно закон
- начело на социјална праведност корисникот кој остварува права од социјална заштита заради материјална необезбеденост не може преку користење на тие права да постигне поповолна материјална положба од лице кое средствата за живот ги остварува преку работа или по основ на права кои произлегуваат од работен однос
-

*Релевантна стратешка рамка*

Владата на Република Северна Македонија ја усвои Информацијата за превземање на мерки за борба против корупција и Агенда 21-Планот за мерки и борба против корупција.Овој план содржи нови начини и механизми за спречување и искоренување на корупијата, а целите на овој план се насочени кон зајакнување на капацитетите и воспоставување синхронизиран систем за ефикасна функционалност на институциите во првите редови против корупцијата, враќање на довербата во нив и креирање на општество ослободено од коруптивно однесување и практика.
Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси со Акционен план за нејзино спроведување 2021-2025 е документ


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово
Ул. „Тодор Велков" бр. 4 - Куманово
Република Северна Македонија
+389 31 438 160
+389 31 438 170
e-mail: jumcsrkumanovo@mtsp.gov.mk

донесен и се имплементира од страна на Државната комисија за спречување на корупција.Стратегијата е изготвена согласно визијата за општество засновано на највисоки етички вредности и интегритет што на сите граѓани им овозможува еднаков пристап до одговорни и транспарентни институции и почитување на човековите права и слободи.Со реализација на целите и мерките се настојува да се обезбеди подигнување на довербата во институциите на системот, ефикасно користење на јавните ресурси и јакнење на демократијата, општествените вредности и остварување на човековите права.

Никој не смее да биде исклучок при утврдување на одговорноста за коруптивно однесување, како што никој нема мандат да го попречува, ограничува или на кој било начин да го оневозможува процесот на утврдување на одговорноста. Формите на корупција во ЈУМЦСР Куманово се препознаваат преку:

• постапување или непостапување на вработените при извршување на службените задачи за што како возврат бараат или прифаќаат некаква корист, погодност или интерес за себе или за друг;

• непочитување на стандардните постапки и процедури;

• злоупотреба на службената положба и овластувања заради директно или индиректно ветена, понудена, дадена, побарана, прифатена или очекувана материјална или нематеријална корист, погодност, предност или друг интерес за себе или за друг.

Главните облици на корупција се манифестираат преку: злоупотреба на службена положба и овластување и тоа преку примање поткуп, изнуда, злоупотреба на службените возила, прифаќање на подароци и услуги, свесно одолговлекување на постапки, наплата за услуги кои согласно законот се бесплатни, вработување и унапредување спротивно на закон и др.

Репресивниот пристап и јасната порака дека корупцијата нема да остане несанкционирана, претставуваат висок приоритет на ЈУМЦСР Куманово за 2021, со цел превенција и спречување на било какво коруптивно однесување на вработените. Во рамки на превенцијата фокусот ќе биде насочен кон елиминирање на слабите точки кои создаваат можности за извршување на коруптивни дела. За ефикасна борба против корупцијата подеднакво се важни нормативните решенија, институционалната рамка, ефикасна примена на законите, институционалниот и личниот капацитет и


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово
Ул. „Тодор Велков" бр. 4 - Куманово Република Северна Македонија
+389 31 438 160
+389 31 438 170
e-mail: jumcsrkumanovo@mtsp.gov.mk

интегритет, како и соработката меѓу институциите во земјата и на меѓународен план.

1. АНТИКОРУПЦИСКИ АКТИВНОСТИ

Антикорупциските активности ќе бидат насочени кон унапредување на професионалноста на вработените преку доследно почитување на законската и подзаконскта регулатива и санкционирање на сите форми на корупција во ЈУМЦСР Куманово. Имајќи го предвид наведеното, Годишниот план на ЈУМЦСР Куманово за 2021 година посебно внимание ќе се посвети на:

• професионализација, департизација и деполитизација на вработените во ЈУМЦСР Куманово;
• јакнење на интегритетот на вработените;
• доследно почитување на законите и Етичкиот кодекс на однесување;
• превенција од аспект на отстранување на условите кои овозможуваат корупција;
• репресијата како алатка за санкционирање на корупцијата и останатите злоупотреби на овластувањата.

ЦЕЛИ

Општа Цел

-Нулта корупција во ЈУМЦСР Куманово

ЈУМЦСР Куманово има за цел да воспостави ефикасен систем на мерки кои ќе овозможат "нулта корупција" во ЈУМЦСР Куманово и превенција од корупцијата со што би придонеле во исполнувањето на стратешките приоритети на Владата на РСМ. Специфични цели за 2021 година ќе бидат:

1. Јакнење на интегритетот на вработените и градење на култура на нетолерантност кон корупција во ЈУМЦСР Куманово;
2. Доследно почитување на Етичкиот кодекс за стручните работници во дејноста социјална заштита
3. Професионализација, департизација и деполитизација на вработените
4. Отчетност и транспарентност во справувањето со корупцијата


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово
Ул. „Тодор Велков" бр. 4 - Куманово
Република Северна Македонија
+389 31 438 160
+389 31 438 170
e-mail: jumcsrkumanovo@mtsp.gov.mk

5. Спроведување на проценка за ризик од појава на корупција на работните места,
6. Континуирана и специјализирана обука на вработените за доследна примена на законските одредби
7. Меѓуинституционална соработка во заедничката борба за откривање на незаконски дејствија;
8. Контрола над спроведувањето на законот за јавни набавки
9. Воведување на организациски облик за внатрешна контрола
10.Јакнење на довербата на граѓаните во ЈУМЦСР Куманово и мотивирање да пријават корупција.

Индикатори кои ќе бидат основа при анализата на успешноста од реализацијата на планот:

1.Број на спроведени обуки за јакнење на капацитетите за нетолеранција кон корупцијата
2.Број на поднесени поплаки или преставки за коруптивно однесување од странки, други лица, институции и др.
3.Број на предмети од Внатрешна комисија за ревизија

## 1.1. ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА ВРАБОТЕНИТЕ И ГРАДЕЊЕ НА КУЛТУРА НА НЕТОЛЕРАНТНОСТ КОН КОРУПЦИЈАТА ВО ЈУМЦСР Куманово

Интегритетот во работењето на вработените во ЈУМЦСР Куманово претставува принцип на постојано однесување во согласност со етичките вредности. Истиот, може да се разгледува како интегритет на индивидуите и интегритет на институцијата. Интегритетот на вработените наложува нивното работење да биде со јасно дефинирани етички вредности како што се непристрасност, еднаквост, праведност, чесност и почитување на човековите права и начелата согласно закон. ЈУМЦСР Куманово како институција треба да го промовира интегритетот на сите нејзини нивоа. Вработениот со интегритет потребно е да претставува пример за своите колеги бидејќи тој/таа е клуч во борбата против корупцијата и заштитник на правата од работен однос и останатите права кои произлегуваат од истиот. Оттука, вработените потребно е своето однесување да го усогласат со етичките вредности кои се утврдени во


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово
Ул. „Тодор Велков" бр. 4 - Куманово
Република Северна Македонија
+389 31 438 160
+389 31 438 170
e-mail: jumcsrkumanovo@mtsp.gov.mk

Етичкиот кодекс. Вработениот со интегритет потребно е да поседува знаења и вештини, етички капацитет, решителност и професионалност преку почитување на законските норми, воспоставените правила и процедури. Ваквиот начин на постапување ќе биде во полза на јавниот интерес и ќе допринесе за зголемување на довербата на јавноста. Индивидуалниот интегритет на вработениот го одразува интегритетот на ЈУМЦСР Куманово. Оттука од голема важност е интегритетот на раководниот кадар кој преку воспоставување на високи професионални вредности ќе овозможи доследно почитување на правилата и прописите при постапување на вработените.

## 1.2. ПОЧИТУВАЊЕ НА ЕТИЧКИОТ КОДЕКС ЗА СТРУЧНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО ДЕЈНОСТА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Социјалната заштита е дејност од јавен интерес која се остварува преку мерки, активности, програми и политики за превенција, заштита од социјалните ризици и надминување на социјални проблеми кои неповолно се одразуваат на добросостојбата на граѓаните.

Како основен услов за давање на квалитетна услуга на корисникот во системот на социјална заштита, покрај знаењето и вештините, неопходна е и посветеноста, професионалноста и етичкото однесување на стручните работници. Етичката свесност на стручните работници претставува суштина на стручната работа во социјалната заштита.

Законските норми не даваат готови упатства за однесување на стручните работници во одредени ситуации, затоа Етичкиот кодекс упатува на одредени морални аспекти. Етичкиот кодекс содржи низа вредности, начела, правила и стандарди кои го насочуваат професионалното однесување на стручните работници во управување со предмети и донесување на одлуки.

Сите стручни работници должни се да се грижат за правилна примена на овој Етички кодекс и за секоја повреда на истиот да им укажат на колегите за неетичкото однесување или да се обратат до надлежните органи односно до Комисијата за лиценцирање или Етичкиот одбор.

Етичкиот кодекс содржи

- етички стандарди и правила на однесување
- основни правила на облекување и однесување на работното место


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово
Ул. „Тодор Велков" бр. 4 - Куманово
Република Северна Македонија
+389 31 438 160
+389 31 438 170
e-mail: jumcsrkumanovo@mtsp.gov.mk

- односот на стручните работници кон корисниците
- меѓусебни односи на вработените и на раководниот кадар
- одбегнување на судир на јавни и приватни интереси
- одговорност кон заедницата

1..3 ПРОФЕСИОНАЛИЗАЦИЈА, ДЕПАРТИЗАЦИЈА И ДЕПОЛИТИЗАЦИЈА НА ВРАБОТЕНИТЕ

ЈУМЦСР Куманово како институција има обврска да им служи на граѓаните а не на политичките партии. Во ниту еден момент не смее да се заборави дека ЈУМЦСР Куманово треба да биде институција која ќе биде почитувана од граѓаните без разлика на нивната политичка определба. Секој вработен во ЈУМЦСР Куманово има одговорност да го слуша и почитува гласот на граѓаните и да практикува професионален и достоинствен однос кон нив. Обврска на вработените во ЈУМЦСР Куманово е да го санкционираат секое коруптивно однесување, без разлика кој е сторителот и каков вид функција извршува. Секој вработен во ЈУМЦСР Куманово треба професионално да ги извршува своите работни задачи согласно пропишаните акти и не смее да учествува во работата во други правни субјекти кои работат во дејноста социјална заштита. Во борбата против корупцијата нема и не смее да има привилегирани поединци и групи. Секој кој преку корупција, за лични или партиски цели, работи спротивно на интересите на ЈУМЦСР Куманово и граѓаните, ќе мора да се соочи со одговорност. Стратешки приоритет на ЈУМЦСР Куманово е изнаоѓање на рационални и остварливи решенија за департизација и деполитизација на вработените. Департизацијата треба да овозможи постигнување на висок степен на професионалност и ефективност кој ќе се оценува преку постигнатите резултати, начелата на еднакви можности и соодветна и правична застапеност. Не смее да се дозволи отстапување од пропишаните законските процедури од формален или материјален аспект бидејќи неопходно е да се елиминираат сите сомнежи и можности за постоење на корупција. Поддршката од граѓаните е најважна за остварување на оваа цел бидејќи од нив се очекува да ја пријават секоја злоупотреба и секој вид на корупција, ослободени од какви било стравувања и без какви било последици.


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово
Ул. „Тодор Велков" бр. 4 - Куманово
Република Северна Македонија
+389 31 438 160
+389 31 438 170
e-mail: jumcsrkumanovo@mtsp.gov.mk

## 1.4 ОТЧЕТНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО СПРАВУВАЊЕТО СО КОРУПЦИЈАТА

Транспарентноста за работата на ЈУМЦСР Куманово треба да се однесува за сите прашања од делокруг на надлежностите на ЈУМЦСР Куманово, која подразбира дека на јавноста ѝ треба да и се лесно достапни информации за работењето на институцијата. Граѓанските организации мора да учествуваат во борбата против корупцијата, да бараат отчетност, транспарентност но и вклучување во донесувањето на одлуките, како и да ја искористат врската со граѓаните при адресирање на проблемите од областа на корупцијата. Целта на отчетноста е да се спречи злоупотребата на службените овластувања, да се спречи политичкиот авторитет од злоупотреба на неговата контрола врз стручните лица, да се унапреди интегритетот на стручните лица и да се зголеми довербата на граѓаните во професионалноста и ефикасноста на институцијата. Поаѓајќи од обврската јавноста да биде информирана за работи и настани од јавен интерес потребно е формирање на Оддел за односи со јавноста како организациска единица надлежна за отчетност и транспарентност во ЈУМЦСР Куманово преку разни комуникациски форми да овозможува пристап до информации за сите претставници од медиумите и други заинтересирани страни водејќи се од начелото на непристрасност, транспарентност, отчетност и недискриминација по било кој основ. Оваа организациска единица ќе се грижи за навремено пласирање на информации на веб страната на институцијата .Исто така во овој оддел треба да се грижи за проследување на меилови, телефонски повици со поплаки и жалби со елементи на корупција.

## 1.5. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕНКА ЗА РИЗИК ОД ПОЈАВА НА КОРУПЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА

Секој аспект од работењето на вработените може да биде подложен на коруптивно однесување. Проценката на ризикот од корупција ќе овозможи воспоставување на систем за превенција на корупција базиран на докази и ќе овозможи со ефикасно користење на расположивите ресурси да се постигне остварување на резултати во борбата против корупцијата. Потребно е јасно да се идентификуваат категории на работни места со најголем ризик од корупција. Од тие причини, потребно е раководителите


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово
Ул. „Тодор Велков" бр. 4 - Куманово
Република Северна Македонија
+389 31 438 160
+389 31 438 170
e-mail: jumcsrkumanovo@mtsp.gov.mk

на секоја организациона единица да извршат проценка на ризикот од корупција на секое работно место, од причини што некои работни места во одредени Служби и Оддели во ЈУМЦСР Куманово се поподложни на корупција од останатите. Во ЈУМЦСР Куманово потребно е да се воспостави систем за проценка на ризик и управување со ризик и да се обезбеди негова успешна имплементација.

### 1.6. КОНТИНУИРАНА И СПЕЦИЈАЛИЗИРАНА ОБУКА НА ВРАБОТЕНИТЕ ЗА ДОСЛЕДНА ПРИМЕНА НА ЗАКОНСКИТЕ ОДРЕДБИ

Способноста и стручноста на вработените во ЈУМЦСР Куманово го одредува капацитетот на ЈУМЦСР Куманово за справување со корупцијата со посебен акцент на елиминирање на причините што ја генерираат нејзината појава. Вработените во ЈУМЦСР Куманово потребно е да ги исполнуваат високите барања поврзани со образованието, квалификациите, угледот, личните и професионалните компетенции. Од овие причини и понатаму ќе се продолжи со континуирана и специјализирана обука на вработените во ЈУМЦСР Куманово за работните места на кои се распоредени со цел успешно извршување на работните задачи во насока на обезбедување зголемена ефикасност во работењето. Сите вработени се должни стручно да се оспособуваат за работата што ја извршуваат на своето работно место, за стекнување на вештини и знаења низ организирани програми. Усовршувањето на вработените преку континуирана обука е постојана активност организирана од страна на ЈУ Завод за социјални дејности Скопје. Потребно е усогласување на годишните програми со планирање и соодветни обуки од областа на антикорупција со посебен акцент на службите кои се најподложни на корупција и коруптивно однесување. На овој начин ќе се овозможи стекнување на знаења и способност за препознавање на злоупотребите и ќе се обезбедат соодветни техники за отпорност кон корупција. Во реализирање на овие активности значајна е улогата на раководителите кои преку личен пример ќе наметнат вредности кои ќе влијаат на намалување на корупцијата.


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово
Ул. „Тодор Велков" бр. 4 - Куманово
Република Северна Македонија
+389 31 438 160
+389 31 438 170
e-mail: jumcsrkumanovo@mtsp.gov.mk

1.7. МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА ВО ЗАЕДНИЧКАТА БОРБА ЗА ОТКРИВАЊЕ НА НЕЗАКОНСКИ ДЕЈСТВИЈА

Корупцијата како константна закана за стабилноста на државата потребно е во континуитет да се пресретнува и совладува со сите законски и институционални алатки како на превентивен така и на репресивен план. Во таа насока е зајакнувањето на меѓуинституционалната соработка и воспоставување на контакти помеѓу ЈУМЦСР Куманово и клучните чинители задолжени за справување со корупијата, со што ќе се овозможи навремена и квалитетена размена на информации и сознанија за корупција кои ќе резултираат со ефикасно санкционирање на извршителите. Потребно е јакнење на капацитетите на ЈУМЦСР Куманово за борба против корупцијата и развивање на соработката со Државната комисија за спречување на корупција, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, МВР и др. Борбата против корупцијата бара постојан ангажман на сите релевантни тела во земјата кои постапуваат согласно нивните законски утврдени надлежности. Оттука, меѓуинституционалната соработка на ЈУМЦСР Куманово ќе биде водечка сила во борбата против корупцијата.

1.8.КОНТРОЛА НАД СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Сузбивањето и спречувањето на корупцијата во јавните набавки подразбира ефикасност во управувањето со финаниските ресурси на МТСП. Јавните набавки се една од клучните области кои во континуитет се предмет на критика и претставуваат една од најкритичните економски активности во однос на ризиците од корупција. Затоа, во областа на јавните набавки неопходно е постојано да се работи на воведување, примена и подигнување на превентивни политики, процедури и стандарди во борбата против корупцијата. Од особено значење е да се почитуваат основните принципи на јавните набавки како што се принципот на:

*еднаков третман и недискриминација што значи забрана за фаворизирање на одредени субјекти;

*транспарентност која обезбедува конкуренција и интегритет во јавните набавки;


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово
Ул. „Тодор Велков" бр. 4 - Куманово Република Северна Македонија
+389 31 438 160
+389 31 438 170
e-mail: jumcsrkumanovo@mtsp.gov.mk

*рационално и ефикасно искористување на средствата кое подразбира да се добие најдобра вредност за потрошените пари.

Неопходно е доследно почитување на законската рамка за јавни набавки и усогласување на законските и подзаконските акти кои ја регулираат оваа проблематика. Со цел елиминирање на било какво коруптивно однесување во процесот на јавните набавки, од страна на сите вработени треба доследно да се почитува интерната процедура за јавни набавки на ЈУМЦСР Куманово, донесена од страна на директорот. Со почитување на процедурата и покажување на висок степен на транспарентност на процесот на јавни набавки, ќе се елиминираат сите влијанија и можности за било какво коруптивно однесување.

1.9. ВОВЕДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИ ОБЛИК ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА

Внатрешна контрола над работењето на стручните лица во ЈУМЦСР Куманово има за цел обезбедување на релевантни докази за ненавремено постапување по предмети за остварување на одредено право или услуга.Преку овластено лице - раководител ќе се врши увид на нерешени предмети во СПИЛ програмата додека Комисија формирана од страна на директорот ќе врши увид по случаен избор на предмети на корисници на права и услуги во ЈУМЦСР Куманово.

Со воведувањето на организациски облик на внатрешна контрола ќе се воспостават механизими за утврдување на неправилности во спроведување на Законот за општа управна постапка и рокови за постапување по предмети со што ќе се обезбеди и навремена услуга на граѓаните кои треба да остварат одредено право или услуга.Раководителите треба да изготват план за замена на стручно лице кое подолго време е отсутно од работа поради оправдани причини ( годишен одмор или боледување ) заради навремено постапување по поднесени барања.Секое ненавремено неоправдано непостапување по предмети ќе биде санкционирано.


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово
Ул. „Тодор Велков" бр. 4 - Куманово
Република Северна Македонија
+389 31 438 160
+389 31 438 170
e-mail: jumcsrkumanovo@mtsp.gov.mk

1.10 ЈАКНЕЊЕ НА ДОВЕРБАТА НА ГРАЃАНИТЕ И МОТИВИРАЊЕ ДА ПРИЈАВАТ КОРУПЦИЈА

Сузбивањето на корупцијата е долготраен процес кој бара упорност, професионален однос и меѓусебна соработка на ЈУМЦСР Куманово со граѓаните. Нивото на поддршка која вработените ќе ја добијат од граѓаните зависи од степенот на нивната меѓусебна доверба, кој пак ќе зависи од ефективноста на спроведување и извршување на своите должности, професионално, правично и чесно. Ваквиот меѓусебен однос ќе доведе до зголемена доверба помеѓу граѓаните и вработените што само по себе ќе резултира со зголемена ефикасност во постапувањето. Корупцијата негативно влијае на довербата на јавноста во институцијата. ЈУМЦСР Куманово ќе работи на унапредување на соработката со сите останати институции во насока на подигнување на свеста кај граѓаните дека корупција во институциите на системот е неприфатлива и најефективен начин за нејзино сузбивање е пријавување на сторителите.

2. АКТИВНОСТИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ГОДИШНИОТ ПЛАН

Врз основ на извршената анализа и идентификуваните фактори на ризик при инспекциски надзор, ЈУМЦСР Куманово ги предлага следните активности за намалување или елиминирање на ризик од коруптивни појави

| Активности | Задолжен лице/сектор | Рок за имплементација |
|---|---|---|
| Назначено овластено лице за прием на пријави од укажувачи доставени за заштитено внатрешно и заштитено надворешно укажување | ЈУМЦСР Куманово | континуирано |
| Изработка на процедури за јавни набавки | ЈУМЦСР Куманово | Август 2021 |
| Објавување на постапки на веб страна | ЈУМЦСР Куманово | континуирано |


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово
Ул. „Тодор Велков" бр. 4 - Куманово
Република Северна Македонија
+389 31 438 160
+389 31 438 170
e-mail: jumcsrkumanovo@mtsp.gov.mk

| | | |
|---|---|---|
| Задолжување на раководителите на Службите за права да вршат увид на нерешени предмети во СПИЛ програмата и да доставуваат месечен извештај до директорот | ЈУМЦСР Куманово | континуирано |
| Формирање на комисија за внатрешна ревизија која ќе врши увид по случаен избор на предмети на корисници на права и услуги во ЈУМЦСР Куманово. | | континуирано |
| Запознавање на вработените со законски измени | ЈУМЦСР Куманово | континуирано |
| Запознавање на вработените со Етичкиот кодекс | ЈУМЦСР Куманово | континуирано |
| Изготвување на план за замена на стручно лице кое подолго време е отсутно од работа поради оправдани причини ( годишен одмор или боледување ) заради навремено постапување по поднесени барања | Раководители на Служби | Декември 2021 |
| Меѓуинституционална соработка | ЈУМЦСР Куманово Други институции и организации | континуирано |

ИНТЕГРИТЕТ И ЕТИКА

**Од сите вработени се очекува да се придржуваат кон следното**
**-да се стремат кон највисок можен стандард на услуга, преку утврдени и воспоставени процедури и без страв од обвинение да укажат на било какви**


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово
Ул. „Тодор Велков" бр. 4 - Куманово Република Северна Македонија
+389 31 438 160
+389 31 438 170
e-mail: jumcsrkumanovo@mtsp.gov.mk

недостатоци, потенцијални слабости на внатрешната контрола или несоодветни процедури

-да се придржуваат до сите закони и прописи кои се применливи

-да постапуваат непристрасно и да не даваат преференцијален третман на било која индивидуа или организација

-да се стремат кон заштита и зачувување на јавниот имот и средства

-навремено да откриваат и информираат за незаконски активности, измами, злоупотреба и корупција

-да настојуваат да избегнуваат какви било активности што ќе создадат изглед дека ги кршат законот или етичките стандарди

-да вложуваат искрени напори во извршувањето на нивните работни задачи и задолженија

-да се придржуваат кон одредбите од релевантното законодавство за доверливост на информациите

-да не обезбедат на себе или на друг или помогнат на себе или на друг да стекне паричен интерес за кој било имот, трансакција или претпријатие преку злоупотреба на службена положба.

ДИРЕКТОР

м-р Александра Арсовска



Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово

Ул. „Тодор Велков" бр. 4 - Куманово
Република Северна Македонија

+389 31 438 160
+389 31 438 170
e-mail: jumcsrkumanovo@mtsp.gov.mk